**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

Арх.знак/Shenja arh. ____
Рок на чување Afati i ruajtjes ____
17. 01. 2019 20__ год.
Потпис/Nënshkrim

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

**Наш број:** 09-332/1
17. 01. 2019

**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 , 142/2016 и 11/2018), Секретарот на Град Скопје, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.За извршител на работното место **Виш соработник за постапување по предмети за такси и други надоместоци** со шифра УПР0101В02000, на ниво В2, Одделение за утврдување и наплата на комунални такси и други надоместоци, Секторот за финансиски прашања се избира кандидатот **Татјана Панговска.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 28.12.2018 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.12/2018 за пополнување работни места со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр. 09-257/1 од 14.01.2019 година ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодирање изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор, во којашто за работното место Виш соработник за постапување по предмети за такси и други надоместоци со шифра УПР0101В02000 му предложи на Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Татјана Панговска.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архивата

**Град Скопје**
**Секретар**

**Викторија Аврамовска Мадиќ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË - QYTETI I SHKUPIT - SHKUP